Врз основа на член 41-а од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11 и 43/14), а во врска со член 6 став 2 од Законот за волонтерството („Службен весник на Република Македонија“ бр.85/07 и 161/08), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
Бр. 04-2016/1
01.07. 2014 год.
СКОПЈЕ

# П Р О Г Р А М А

## за дополнување на Програмата за волонтирање во Дирекцијата за заштита на личните податоци

1. Во Програмата за волонтирање во Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.04-18606/1 од 14.11.2012 година, во глава II.Волонтерство, во точката 3, по алинејата пет се додава нова алинеја шест која гласи:

„- поддршка на Одделението за финансиски прашаа и тоа во следните надлежности: следење и применување на прописите од областа на буџетското и материјално-финансиското работење; помагање во вршењето на подготвувањето на финансиски план за извршување на Буџетот (месечен, квартален и годишен) за Дирекцијата; помагање во процесот на следење на остварувањето на приходите и извршувањето на трошоците на Дирекцијата; помагање во вршењето на пресметување и исплата на платите на вработените во Дирекцијата; следење на прописите од областа на јавните набавки; помагање во вршењето и на други работи од областа на буџетското и материјално-финансиското работење на Дирекцијата.“.

2. Останатите одредби од Програмата за волонтирање во Дирекцијата за заштита на личните податоци бр.04-18606/1 од 14.11.2012 година не се менуваат.

3. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.07.2014 година.

**ДИРЕКТОР,**

**ДИМИТАР ЃЕОРЃИЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Дирекција за заштита на личните податоци
СКОПЈЕ

Изработил: Игор Кузевски